Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 51, 15 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот машинство, земјоделско машинство и механизација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Историја на музика 2 “ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Хармонија 1“ од м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот – скрипта „Полифонија 1“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Полифонија 2“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МАШИНСТВО, ЗЕМЈОДЕЛСКО МАШИНСТВО И МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет на својата 32. седница, одржана на 2.7.2010 година, со Одлука бр. 1802-110/25 од 2.7.2010 година, одреди Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Живко Давчев, редовен професор при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје,
- проф. д-р Саша Митрев, редовен професор при Земјоделски факултет во Штип;
- проф. д-р Илија Каров, редовен професор при Земјоделски факултет во Штип.

Комисијата е потврдена и со решение издадено од страна на деканот, под број 1802-110/26 од 2.7.2010 година.

Рецензентската комисија во наведениот состав ги разгледа приложените документи од објавениот Конкурс за избор на наставник од научната област машинство, земјоделско машинство и механизација, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 22.6.2010 година. Комисијата постапи врз основа на член 132, став 2 од Законот за високото образование на Р. Македонија („Службен весник на РМ“ број 35/8, 103/8, 26/09, 83/09, 99/9), а согласно со член 32, став 1 од Правилникот за критериуми и постапка на избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

По Конкурсот се пријави кандидатот вонреден професор д-р Ристо Кукутанов, кој се пријави за избор на наставник во сите звања по предметот Машинство, земјоделско машинство и механизација при Катедрата за растително производство на Земјоделскиот факултет.

Врз основа на уредно и навремено доставените документи од страна на кандидатот, Комисијата ги разгледа и ги анализира, при што го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања по научната област машинство, земјоделско машинство и механизација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се пријави кандидатот **д-р Ристо Кукутанов,** вонреден професор од областа земјоделско машинство, вработен на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ристо Кукутанов** е роден на 30 април 1958 година во Радовиш. Основното и средното образование завршува во Радовиш.

По завршувањето на средното образование-гимназија, во учебната 1976/1977 година се запишува на Земјоделскиот факултет во Скопје, на Лозаро-овоштарска насока, каде што дипломира во март 1982 година. Како студент во четвртата година е делегат од Студентската организација во Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Скопје. Веднаш по дипломирањето се вработува во ЗИК „Радовишко поле” ОЗТ Лозаро-винарство во Радовиш, каде што работи две години. Како младинец вработен во ЗИК „Радовишко поле” – Радовиш е избран за претседател на Младинската организација во мандатниот период 1985-1987 година. По отслужувањето на воената обврска, повторно се враќа на работа во ЗИК „Радовишко поле” во ОЗТ Лозаро-винарство, работна единица Винарска визба - Радовиш, каде што работи сè до преструктуирањето на ЗИК „Радовишко поле”, до 30 септември 1998 година.

На 1 мај 2000 година е избран за научен соработник во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури во Струмица, каде што работи до 24 октомври 2000 година, кога е избран за градоначалник на Општина Радовиш.

Во учебната 1983/84 година се запишува на едногодишни специјалистички студии на Земјоделскиот факултет во Скопје на групата Механизација, кои ги завршува во февруари 1986 година. По завршувањето на сецијалистичките студии во 1986/87 година се запишува на магистерски студии, повторно на групата Механизација, каде што во февруари 1990 година ги положува сите испити предвидени со Наставниот план, со средна оценка 9,40. Магистерскиот труд со наслов „Резултати од примената на разривачите во лозовите насади" го одбранува на 23 февруари 1990 година на Земјоделскиот факултет во Скопје и се стекнува со академски степен **магистер на земјоделски науки**.

Во април 1992 година пријавува тема за докторска дисертација на Земјоделскиот факултет во Скопје, со наслов „Ефекти од примената на линија машини за продлабочување на ораничниот слој во лозовите насади". Темата е прифатена од Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет во Скопје како тема која има големо научно и практично значење, бидејќи со неа се предлагаат нови машини и нова агротехника за лозарството во нашата земја. Докторската дисертација успешно ја одбранува на 10 јули 1997 година и се стекнува со звање **доктор на земјоделски науки**.

***Општествена активноста***

Со општествено-политичка активност д-р Ристо Кукутанов започнува да се појавува уште како студент, но извонредно голема активност покажува во општествено-политичката работа во ЗИК „Радовишко поле", каде што работи, и за градот Радовиш. Покрај многуте раководни, стручни и научноисражувачки ангажмани, тој е избран за член на Општинскиот синдикален совет на Радовиш од 1985 до 1989 година, каде што ја извршува функцијата претседател на Надворешната комисија. За време на работата во ЗИК „Радовико поле" редовно се наоѓал на непосредни раководни задачи, како директор или раководител на ООЗТ.

Надвор од својата работна организација многу активно соработува со организацијата на Народна техника во Општина Радовиш и Р.Македонија. Како резултат на активната работа во наведените органи и организации, во 2000 година е избран за градоначалник на Општина Радовиш.

На 1 мај 2000 година е избран за научен соработник во ЈНУ Земјоделски институт во Струмица, каде што работи до 24.10.2000 година, кога е избран за градоначалник на Општина Радовиш.

Во 2005 година на ЈНУ Институт за јужни земјоделски науки е избран во научноистражувачко звање виш научен соработник, а со Одлука на Матичната комисија е извршена еквиваленција на звање виш научен соработник во вонреден професор.

Во 2007 година кандидатот е член на Универзитетскиот сенат од Јавната научна установа, Институт за јужни земјоделски култури - Струмица. Во тој период активно учествува во реорганизацијата на ЈНУ Земјоделски институт за јужни земјоделски култури и во формирањето на Земјоделскиот факултет во Струмица -Штип, при новоформираниот државен Универзитет „Гоце Делчев" со седиште во Штип. Користејќи го своето искуство во наставата во науката и во високо- образовниот процес, заедно со тимот на соработници учествува во поставувањето на првичната организација во работата на Факултетот во формирањето на неговите единки и дава значаен придонес за нивно правилно функционирање.

Во 2008 година е избран за продекан за настава на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Наставна активност***

На шестата седница на Наставно-научниот совет при Земјоделски факултет во Скопје, оджана на 15.6.2001 година, д-р Ристо Кукутанов се стекнува со наставничко звање доцент на група предмети од обласата на земјоделската механизација. Како доцент од периодот од 2001 до 2004 година успешно држи настава на група предмети на насоката Земјоделска

техника и на Градинаро-цвеќарската насока при Земјоделски факултет во Скопје, односно Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. На 12. Седница, одржана на 26.12. 2006 година, од страна на Наставно-научниот совет при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје е избран во звањето вонреден професор со насловно звање.

Со своето активно учество во наставно-образовниот процес дава голем придонес во наставата, при што е забележителен неговиот коректен однос кон студентите и примената на практичните методи во презентацијата на наставните дисциплини.

Во почетокот на 2005 година во ЈНУ Земјоделски институт во Струмица е избран во звањето виш научен соработник од областа на агротехниката. Во текот на 2007 година, со Одлука на Матичната комисија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е извршена еквиваленција на звањето виш научен соработник во наставно-научно звање вонреден професор.

Во периодот од 2005 година до 2009 година активно учествува во наставата на група предмети од областа на земјоделската механизација на дисперзираните студии на Градинаро-цвеќарска насока во Струмица, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Со формирањето на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип станува член на Универзитетскиот сенат и е активно вклучен во наставно-образовниот процес на новоформираниот Земјоделски факултет во Штип, со дисперзирани студии во Струмица и во Кавадарци.

Во текот на 2008 година од страна на Наставно-научниот совет при Земјоделскиот факултет во Штип е избран за продекан за настава.

Учествува и зема активна улога за правилно организирање на катедрите, како и во изработката и поставеноста на одредени правилници за правилно функционирање на Земјоделскиот факултет во Штип, со сите дисперзирани студии во различни градови низ Р.Македонија.

Неговиот придонес како оформен кадар со големо искуство во наставата и неговата ангажираност на група предмети на земјоделска техника при Земјоделскиот факултет во Скопје, е искуството што го пренесува на новоотворениот Земјоделски факултет во Штип. Придонесува за Матичната комисија на Универзитетот, а подоцна и формираниот Наставно-научен совет. Исто така, со секојдневната ангажираност им помага на колегите во наставно-образовниот процес, наставните вештини, со цел да ја нормализира и поквалитетно да ја извршува наставата на Земјоделскиот факултет во Штип.

Од периодот од 2005 година до 2010 година, проф.д-р Ристо Кукутанов, активно се занимава и бележи голем успех во издавачката дејност, при што самостојно или заеднички има напишано учебници и учебни помагала коишто во воспитно-образовниот процес на студентите им е од голема помош во изучување на стручните предмети од областа на земјоделската механизација, но и истите имаат големо значење за стручните лица во праксата. Неговата активност во издавачката дејснот послужува како пример и поттик за останатиот наставен кадар, со цел да се издадат поголем број на учебници, скрипти и учебни помагала, со што Факултетот се збогатува со новите изданија, но и за студентите се олеснува изучувањето на материјата.

Од објавените учебници и учебни помагала до денес, кандидатот проф. д-р Ристо Кукутанов ги наведува следниве:

1. „Механизација во градинарството и цвеќарството", **проф. д-р Ристо Кукутанов**, ас.м-р Иле Цанев, (2009) основен учебник, издавач Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Како што и претходно напоменавме, проф. д-р Ристо Кукутанов активно учествува и дава голем придонес во наставата. Доказ за тоа е издадениот учебник под наведениот наслов, кој првенствено е наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и за студентите на Земјоделскиот факултет во Штип, но и за стручните лица во пракса.

Учебникот е напишан на 245 страници и целокупнта материја е поделена на 12 поглавја. Обработена е целокупната механизација и опрема која се користи денес во градинаро-цвеќарското производство, но и онаа којашто треба да се применува како нова техника во нова производна технологија во наредниот период.

2. „Механизација во земјоделското производство", **проф. д-р Ристо Кукутанов**, ас.м-р Иле Цанев, (2010) основен учебник, издавач Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (во печат).

Целокупната материја е напишана на 252 страници и е поделена на 14 поглавја. Опфатена е земјоделската техника од различни области во земјоделското производство и е напишана првенствено за студентите од различни насоки кои ја изучуваат оваа материја по предметите Механизација на различни насоки.

Бидејќи во материјата се обработени голем број на машини и опрема, на сликовит начин е опишана техниката која може успешно да се користи на одредени земјоделски култури во реализација на современа производна технологија. Големо значајно дело е оваа материја во која авторите примениле научен и практичен стил на објаснување на земјоделските машини со кои може младиот агроном во почетните фази при работа во пракса лесно да се снајде, лесно да ја совлада оваа материја, но и понатаму полесно да ги решава актуелните проблеми во производни услови.

3. „Практикум по механизација во земјоделското производство", **Проф. д-р Ристо Кукутанов**, ас.м-р Иле Цанев, (2010) учебно помагало, издавач, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (во печат).

Претставува спој на веќе издадениот учебник и заедно со него навлегува во решавањето на најпрактичните работи и проблеми при изучувањето на оваа материја, но и решавање на различни ситуации и проблематики во практиката. Материјата е опишана на 102 страници, а нејзината содржина изобилува со практични примери кои што решаваат одредени проблематики преку математичко-статистички методи. Нивната содржина и приказ, како и целокупниот текст, имаат тон на практичност и актуелност од аспект на примената и експлотацијата на земјоделската техника.

За подобро да ја разберат оваа материја, претходно наведениот учебник и практикумот се надополнети со ЦД, видеопрезентација, преку која студентот може полесно да го сфати текстуалниот дел, внесените табеларни прикази и графикони и полесно да ја научи материјата и да ги разбере суштината и значењето на групата и линијата машини во одреден работен процес.

4. „Прирачник за правилна употреба на опрема и механизација при апликација на производи за заштита на растенијата (пестициди)". Проф. д-р Живко Давчев, **проф. д-р Ристо Кукутанов**, ас.м-р Иле Цанев, дипл.зем.инж Роза Накова (2008). Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.Македонија и Фитосанитарна управа.

Се работи за стручна литература која првенствено е наменета на дополнувањето на учењето и сознанијата како и вештините кои треба да се применат со оваа група на машини, од страна на студентите во нивниот редовен студиум.

Целокупната материја опишана на 83 страни има одличен дизајн и текстуалниот дел е прилагодлив на практичните услови во која авторите внесуваат многу сопствени истражувања и искуство, презентирано во табелите и графиконите, а кое му е од голема корист на стручните лица во практиката кога го извршуваат овој работен процес.

***Научно-стручна активност***

До изборот во звањето доцент, рецензија што е објавена во Универзитетски билтен број 781 од 15.6.2001 година има објавено седум научни трудови, кои се рецензирани во истата рецензија, а објавени во наведениот билтен.

Во текот на 2005 година, со стапување во работен однос на Интитутот за јужни земјоделски култури во Струмица, започнува активно да се занимава со научноистражувачка дејност од областа на земјоделската механизација, агротехниката и други заеднички научноистражувачки активности со научно-стручниот кадар од Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица.

Во текот на 2006 година е избран во звањето вонреден професор, со насловно звање на група предмети Механизација, при Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје. До денес има презентирано и објавено 13 научни трудови, од кои сите се во соработка изработени и објавени со други автори со колегите од Институтот за јужни земјоделски култури или во соработка со научниот кадар при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Наведените 13 труда се произлезени од плодната колективна соработка којашто дала карактер за екипна работа, а кои се објавени во различни зборници на симпозиуми и конгреси во Р.Македонија и соседните земји, како и во зборници на Земјоделскиот институт во Струмица, како и на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во истиот период, кандидатот проф. д-р Ристо Кукутанов ја продолжува соработката со Катедрата за земјоделска техника при Факултетот за земјоделски науки и храна, како што претходно наведовме во наставната дејност, но и во научноистражувачката дејност.

Како резултат на неговата плодна научноистражувачка активност, од изборот за вонреден професор па до денес ги изработи и објави следниве трудови кои се рецензирани од уредувачките одбори.

1. Гацовски Ж, **Кукутанов Р,** (2004/2005): Информација за семепроизводство на хибриди пченка создадени во Институтот за полјоделство и градинарство Нови Сад, Р.Србија, на површините на ЗК Пелагонија, Битола, Р.Македонија. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 4/5, 19-27.
2. Гацовски Ж, **Кукутанов Р,** (2004/2005): Информација за семепроизводство на хибриди пченка создадени во Институтот за пченка Земун поле, Белград - Земун, Р.Србија, на површините на ЗК Пелагонија, Битола, Р.Македонија. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 4/5, 29-37.
3. Илиевски М, Спасова Д., Спасов Д., Ѓеоргиевски М., **Кукутанов Р,** Атанасова Б., Киров Н, (2004/2005): Влијанието на одредени типови ѓубрива врз приносот на индустриските домати. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 4/5, 47-54.
4. Давчев Ж., **Кукутанов Р,** Цанев И., (2006): Неопходност од набавка и воведување нова земјоделска техника во земјоделското производство во Р.Македонија, Средба „Факултет – Стопанство“, Скопје.
5. Давчев Ж., **Кукутанов Р,** Цанев И., (2006): Првични резултати од работата на новоконструирана (прототипна) машина за заштита на растенијата. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 5/6, 83-90.
6. Гацовски Ж, **Кукутанов Р,** Спасов Д., Ристова Д. (2006): Испитување должината на вегетација, генетскиот потенцијал за родност и можности за воведување на генотиповите хибридна пченка, создадени во Институтот за пченка -Кнежа, Р. Бугарија, во производството во струмичкиот регион на Р.Македонија. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 6/7, 101-110.
7. Цанев И., **Кукутанов Р.,** (2007) Експлоатациони карактеристики на машините за обработка на редови на почвата во лозов насад. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 6/7, 97-106.
8. **Кукутанов Р,** Гацовски Ж, Спасов Д., Ристова Д., (2007): Испитување на влијанието на рокот на сеидба врз созревањето-технолошката зрелост и генетскиот потенцијал за родноста на генотиповите хибридна пченка (создадени во Институтот за пченка-Кнежа, Р.Бугарија), во производството во струмичкиот регион на Р.Македонија. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица, година 6/7, 107-116.
9. Георгиевски М, Илиевски М., **Кукутанов Р.**, (2010) Производно-технолошки особини на некои нови линии пиперка, Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица.
10. Илиевски М., Василевски Г., Спасова Д., Георгиевски М, **Кукутанов Р.**, (2010) Влијанието на системот на одгледување врз некои морфолошки и производни својства на меката пченица. Годишен зборник на Институтот за јужни земјоделски култури, Струмица (во печат).
11. Илиевски М., Спасова Д., Георгиевски М, **Кукутанов Р.**, Атанасова Б., (2010) Квантитативни карактеристики на некои македонски сорти пченица во систем на органско производство. Зборник, Стара Загора.
12. Спасова Д., Спасов Д, Илиевски М., Атанасова Б., **Кукутанов Р.,** (2010), Production characteristics of oat in Republic of Macedonia, XV, - Саветовање о биотехнологији, Зборника радова, Агрономски факултет, Чачак, Р.Србија, 9/10 207-212.

13. Спасова Д., главен истражувач **Кукутанов Р**., (2008-2010), соработник истражувач (Меѓународен научноистражувачки проект со Р.Бугарија, под наслов Агроеколошка оцена на нови македонски и бугарски сорти на памук).
14. **Кукутанов Р**, Давцев З., Цанев И., Introduction of newly-constructed machines for integral use in grapes and fruit production, Opatija, Croatia, 2010-2011 година (во печат).
15. Спасова Д., Митрев С., Спасов Д., **Кукутанов Р.,** Стоилова А., „ Content of raw proteins in oat depending on the growing system in Strumica-region, Macedonia", Bulgaria journal agricultural sciences (BJAS), 2010 years.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за досегашната научно-стручна и општествена дејност, може да се заклучи дека проф. д-р Ристо Кукутанов, вонреден професор при Земјоделски факултет во Штип, има богата активност во научноистражувачката и наставната дејност, како на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, така и на Земјоделскиот факултет во Штип.

Во својот животен век има дадено голем придонес во разрешувањето на актуелните научни и апликативни проблеми од областа на земјоделската техника во земјоделското производство кај нас. Поминувајќи на терен со работа во различни области ги има многу добро осознаено тешкотиите и проблемите во земјоделското производство, при што во периодот кога почнал да се занимава со научноистражувачка и наставна дејност, кандидатот проф. д-р Ристо Кукутанов веќе имал голема зрелост и сознание со големо искуство.

Се забележува дека таков пристап применувал и во наставната дејност, при што неговите предавања и соработката со студентите, со примена на современи наставни методи, имаат голем успех, бидејќи применува специфични методи во наставата со која многу вешто успева да им помогне на студентите да ја научат оваа научна дисциплина, којашто е обемна, практична и за многу од нив малку или повеќе позната.

Оценувајќи ја активноста на проф. д-р Ристо Кукутанов во целина и земајќи ги предвид постојните законски нормативи и акти, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, **проф. д-р Ристо Кукутанов (вонреден професор) да го избере повторно во звањето** вонреден професор **од научната област** машинство, земјоделско машинство и механизација **при Земјоделски факултет.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Живко Давчев, с.р.**
**Проф.д-р Саша Митрев, с.р.**
**Проф.д-р Илија Каров, с.р.**

**ПРИЛОГ бр. 1**

**Табела 1.** Активности кои се бодираат според Правилникот за единствените критериуми при избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **2x15=30** | / |
| 2 | Превод на учебник | / | / |
| 3 | **Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум** | **8** | / |
| 4 | **Интерна скрипта од предавања** | **4** | |
| 5 | Интерна скрипта од вежби | / | |
| 6 | Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | / | / |
| 7 | **Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.)** | **6** | / |
| 8 | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | | / |
| 9 | Научнопопуларна статија во стручно-методиско списание | / | / |
| 10 | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | / | / |
| 11 | Ментор на одбранет труд | / | / |
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа | / | / |
| 13 | Ментор на одбранета специјалистичка работа | / | / |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа | / | / |
| 15 | **Член на комисија за одбрана на докторат** | **2** | / |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа и специјалистичка работа | / | / |
| 17 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | / | / |
| 18 | Раководител на семинар | / | / |
| 19 | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | | / |
| 20 | **Член на комисија на ученички или студентски натпревари** | **0,5** | / |
| 21 | Основач на наставна лабораторија | / | / |
| 22 | Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | / | / |
| 23 | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) | / | |
| 24 | Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | / | |
| 25 | **Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | **39** | |
| 26 | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | **4** | |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | / | / |
| 28 | Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 29 | Визитинг професор во странство (најмалку еден семестар) | / | |
| 30 | **Рецензент на соработници и наставници** | **3** | / |
| 31 | Организатор на летна школа | / | / |
| 32 | Статија во наставно-образовно списание | / | |
| 33 | Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (СЦИ/ЦА/останати) | / | |
| **Наставно-образовна дејност (вкупно)** | | **96,5** | |

| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1 | Монографија или научна книга | / | / |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | / | / |
| 3 | **Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати)** | **21** | |
| 4 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати 1 x 9; 18 x 3** | | **18** |
| 5 | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир 3 x 1; 1 x 2** | **1** | |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | / | / |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | / | / |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | / | / |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер, усно), концерт во земјава и во странство 3 x 1,5 | / | |
| 10 | Одбранета докторска теза 1 x 8 | / | |
| 11 | Одбранета магистерска работа 1 x 4 | / | |
| 12 | Раководител на научен проект | / | / |
| 13 | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти) 1 x 2; 2 x 3** | **2** | |
| 14 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | / | |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | / | |
| 16 | Уредник на збоник на трудови | / | / |
| 17 | Уредник на збоник на трудови од научен собир | / | / |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | / | / |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | / | / |
| 20 | Основач на научна лабораторија | / | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | / | / |
| 22 | Студиски престој во странство | / | / |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | / | |
| **Научноистражувачка дејност (вкупно)** | | **42** | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга | / | / |
| 2 | Поглавје од книга | / | / |
| 3 | Речник | / | / |
| 4 | Стручна монографија | / | / |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | / | / |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | / | / |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | / | / |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат (постер, усно) | / | / |
| 9 | Уредник на стручно списание | / | / |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | / | / |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | / | / |
| 12 | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | / | / |
| 13 | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти) 1 x 5** | **/** | / |
| 14 | Прифатени иновации, патент | / | / |
| 15 | Техничко унапредување | / | / |
| 16 | Изработен и рецензиран програмски пакет | / | / |
| 17 | Елаборати и експертизи | / | / |
| 18 | **Изготвување на извештаи од анализи 217 x 0,1** | **/** | / |
| 19 | Стручни награди и признанија | / | / |
| 20 | Ректор | / | |
| 21 | Проректор | / | |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела | / | |
| 23 | Декан | / | |
| 24 | **Продекан** | **8** | |
| 25 | Шеф на институт | / | |
| 26 | Раководител на завод | / | |
| 27 | **Член на универзитетски или владини тела** | **5** | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија 1 x 2 | / | |
| 29 | Член на институтски орган, комисија 1 x 2 | / | |
| 30 | Класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот-ЕКТС (за четири години) | / | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (вкупно)** | | **13** | |

**НО + НИ + САОР = 96,5 + 42 + 13 = 151,5**